# ЗАЕДНИЧКА ИЗЈАВА

## *ПРОШИРЕНА ВЕРЗИЈА*

### ПРВА ЗАЕДНИЧКА КОНФЕРЕНЦИЈА НА НАУКИТЕ МЕЃУВЛАДИНА ИНИЦИЈАТИВА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Intergovernmental Initiative Western Balkans

Joint Science Conference

*Преамбула*

1. По меѓувладината конференција за Западниот Балкан (ЗБ), која се одржа на 28. август 2014 година во Берлин, Германската национална академија на науките Леополдина во договор со германската сојузна влада ја презеде иницијативата на приоритетното поле на академските и социјалните работи и ја организираше Првата заедничка конференција на науките од 15. до 17. јули 2015 година во Хале и Берлин, Германија.

*Засегнати страни*

2. На конференцијата учествуваа претставници на националните академии, на ректорските конференции и уважени научници поканети *ад персонам* од страна на Леополдина и Фондацијата Александер фон Хумболт. Страните учеснички беа од Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово*, Македонија, Црна Гора, Србија и Словенија како и Австрија, Италија и Германија. Амбасадите во Германија, претставниците на германската сојузна влада и на Комисијата на ЕУ учествуваа како набљудувачи.

*Состојба: Предизвици за европска иднина на системите на науките на ЗБ*

3. Ние – учесниците на конференцијата – утврдивме клучни прашања на кои им се потребни итно внимание и реформи. На ЗБ постои хроничен недостаток од јавно и приватно финансирање за науките и истражувањето (тековните издатоци се значително под целта на ЕУ за 3% од националниот БДП). Извесноста при планирањето е попречена со краткорочниот фокус и дистрибутивните приоди кон финансирањето. Младите научници имаат потешкотии да се етаблираат во системот. Масовната емиграција (особено одливот на мозоци) е еден од најголемите ризици за идниот развој на ЗБ. Постоечките ресурси, инфраструктури, проекти и луѓе во системот на науките се недоволно поврзани. Нема систематско споделување и дифузија на знаењата. Тоа води кон висок степен на изолација / ориентација кон внатре на националните системи на науките. Науките и нивните резултати ретко се вклучени во донесувањето одлуки и градењето мислења. Со тоа, за политиката и општеството се губи позитивната корист од стекнатите знаења на научниците.

4. Поради тоа, ги препорачуваме следните решенија за промена:

*Одрлживо финансирање и усогласени квалитативни стандарди*

5. Потребно е соодветно финансирање за поддршка на образованието, истражувачката дејност и иновациите на ЗБ. Наша цврста заложба е целта да се одвојат 3% од националниот БДП за високото образование и науките. Извесноста при планирањето и одржливото финансирање се услови за стратешки развој на системите на науките: не само краткорочно планирање, туку и среднорочни и долгорочни приоди, не дистрибутивни, туку конкурентни. За да се обезбеди веродостојна евалуација на оствареното, мора да се воспостават усогласени квалитативни стандарди – на ниво на ЗБ и следејќи ги стандардите на ЕУ.

*Млади научници и одлив на мозоци/ прилив на мозоци*

6. Младите научници се клучен елемент на науките. Потребна им е сигурна перспектива во нивните матични земји, почнувајќи веднаш по нивното дипломирање, што ќе им биде привлечна за да останат и да се вклучат во системите на науките, а со тоа ќе придонесат кон напредокот на нивната земја и на регионот од ЗБ во целина. На научното истражување треба да му се оддаде признание за суштинската вредност која ја има за општеството. Научниците кои работат во странство (академската дијаспора на ЗБ) треба да се поттикнат да се вратат преку прекугранични проекти и иницијативи за прилив на мозоци, со што ќе се создаде култура на добредојде за научниците повратници. Треба да се развијат бази на податоци за академската дијаспора (според примерот CORDIS, на пример).

*ИСЈИЕ / ИФЈИЕ и извонредни поединци како носители на промените*

7. Поединечните извонредни научници може да дејствуваат како носители на промените. Поддршката на нивното истражување по пат на целно насочено финансирање има највисок приоритет. Силно го препорачуваме навременото основање на Истражувачки совет за Југоисточна Европа (ИСЈИЕ) – во конзорциум со Европскиот Истражувачки Совет и институциите што го финансираат истражувањето од земјите на ЗБ – или основањето на Истражувачка фондација за Југоисточна Европа (ИФЈИЕ), при што и двете се со акцент на индивидуално финансирање врз меритократна основа. Поради тоа, потребни се транспарентни критериуми за селекција, раководени само според академската извонредност и процедури за евалуација според меѓународните стандарди, со учество на меѓународни евалуатори.

*Научен потенцијал здружен во регионални центри за извонредност*

8. Огромниот научен потенцијал на земјите од ЗБ треба да биде – особено во време на рестрикција на буџетот и политичка нестабилност – здружени во мрежи на регионалните центри за извонредност (до пет). Таквите интердисциплинарни центри треба да се супранационални и да имаат три главни задачи: [i] најсовремено основно и применето истражување, [ii] меѓународно конкурентна докторска и пост-докторска обука, и [iii] трансфер на истражувачките резултати. Тоа ќе ги подобри шансите за пристап до финансирањето од ЕУ. Можни тематски области се животната средина и енергијата, културното наследство, демографските промени, туризмот, правдата и безбедноста, здравјето и квалитетот на живеење, информациските и комуникациските технологии и регионалниот и локалниот развој.

* Оваа ознака е без предрасуди кон позициите за статусот и е согласно резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за Декларацијата за независност на Косово.

9. За да се има најсовремени установи на ЗБ со справливи финансиски влезни средства, ресурсите и инфраструктурите (образовни, истражувачки, клучни установи итн.) треба да се користат заеднички. Треба да се зајакнат и прошират постоечките формати на соработка со фокус на ЗБ (како што е Регионалната платформа за соработка во високото образование).

*Здружување на напорите и користење на постоечки мрежи*

10. Системите на науките на ЗБ треба да се интегрираат во регионот и да се поврзат со ЕУ. Препорачуваме соработка преку твининг проекти помеѓу партнери од ЕУ и ЗБ, организација на заеднички студиски програми на ниво на мастер и доктор и полесен пристап за научниците од ЗБ до истражувачките програми финансирани од ЕУ. Треба да се развијат шеми за мобилност кои ќе ги поврзуваат научниците од ЗБ и ЕУ: (i) со олеснување на меѓународните патувања за научниците и студентите од регионот на ЗБ (на пример, со поедноставен визен режим), (ii) со создавање регионална програма за размена (според примерот на Еразмус или преку интегрирање во постоечката програма Еразмус) и (iii) со почнување на други иницијативи за размена на младите луѓе врз билатерална и мултилатерална основа (успешен пример за тоа се Германско-француската размена на млади и Германско-францускиот универзитет).

*Соработка, конективност, мобилност*

11. Треба да се спроведат институционализирани механизми за дијалогот меѓу науките, политиката и општеството на ЗБ. Страните учеснички на конференцијата имаат волја да ги споделат знаењата и да обезбедат техничка поддршка за градење на капацитетите. Треба да се реализира научен советодавен механизам аналогно на самитите на Г7 за Меѓувладината Иницијатива Западен Балкан.

*Науки-политика-општество: институционализиран дијалог*

12. Годишните заеднички конференции на науките – како еден од столбовите на таканаречениот „Берлински процес“ – треба да послужат како платформа / закрила за соработка во системите на науките и поширокатa општествена димензија. Конференциите треба да ги утврдуваат предизвиците во системите на науките и да развијат одржливи решенија, а исто така и да формулираат препораки за политиката. Постигнатиот напредок треба да се проценува и евалуира за време на годишниот состанок со тематски фокуси кои ќе се менуваат. Координацијата ќе ја врши секретаријатот.

*Иднината на Заедничката конференција на науките како столб на „Берлинскиот процес“*

13. Заедничката европска иднина мора да се оформува сега и ЗБ е нејзин неоделив дел – одржувањето на статус кво не е остварлива опција. Поради тоа, ние одлучно ги поддржуваме напорите за соработка, помирување и интеграција на ЗБ. Посебен фокус треба да се стави на младите како движечка сила за позитивна промена. Природните и општествените науки треба да се сметаат за континуирана инвестиција во иднината. За справување со утврдените предизвици и за да се реализираат одржливи решенија, нашите препораки до Самитот за Западниот Балкан во Виена на 27. август 2015 година се следните:

1. Определба за одвојување 3% од националниот БДП за високото образование, науките и истражувањето и воспоставување усогласени квалитативни стандарди за евалуација;
2. Да се поддржат силно институционалните промени, што (i) ќе ги модернизира системите на науките на ЗБ согласно стандардите на ЕУ, во правец на интеграцијата со Европската Истражувачка Зона, и (ii) ќе создаде можности за младите истражувачи и дипломци, а со тоа ќе се намали одливот на мозоци и ќе се поттикне прилив на мозоци;
3. Да се основа Истражувачки совет или Истражувачка фондација за Југоисточна Европа што ќе ги финансира извонредните научници како носители на промените, со примена на конкурентен механизам за селекција базиран исклучително врз истражувачкиот квалитет и академската извонредност;
4. Да се воспостават меѓусебно поврзани центри за извонредност на ЗБ како платформи за соработка по пат на: (i) здружување на ресурси и компетенции, (ii) заедничко инвестирање во најсовремени клучни установи и истражувачки инфраструктури, (iii) поддржување на мобилноста на истражувачите и студентите, (iv) воспоставување конкурентна докторска и пост-докторска обука и (v) создавање на иновациски заедници;
5. Да се институционализира дијалогот помеѓу науките, политиката и општеството, по пат на (i) создавање механизми за консултација и стратешко планирање, и (ii) воспоставување процедури за пружање непристрасно советување врз научна база за политиката и општеството.

*Препораки за политиката за Виенскиот самит за Западниот Балкан, 27. август 2015 година*